**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмото продолжение на Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 ноември 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јордан Михајловски, Рафет Муминовиќ, Љупчо Мешков, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Теута Арифи, Џусеинџевад Хусеини, Ванчо Ѓеорѓев, ЉубчоГеоргиевски, Љупчо Балковски, Иван Стоиљковиќ, Тасим Сулејмановски и Славе Арсовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со 37-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон.**

Бидејќи имаме доста пријавени пратеници за збор, ги молам пратениците да бидат кратки. Два месеци граѓаните чекаат како ќе помине овој закон во Собранието и затоа да бидеме кратки, денес да ја завршиме работата.

Господинот Аднан Ќахил не е тука.

Господине Караџоски, повелете, имате збор.

Пред тоа, госпоѓа Мингова како предалгач има збор.

Повелете госпоѓа Мингова, имате збор.

**Благородна Мингова-Крепиева:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

На 30 септември ја прекинавме оваа точка со барање од колегата Макрадули предлагачите да дадат подетална финансиска пресметка за трошоците кои би биле предизвикани од пролонгирање, двегодишно пролонгирање на условот за одење во пензија и по основ на стажот, а не само според старосната граница и јас како овластен претставник на предлагачите, првиот нареден работен ден ги подготвив трошоците. Нашите колеги го имаат тоа добиено.

Сега би сакала само да искоментирам неколку детали од овие наши предлози што ги имаме дадено и какво влијание овој закон ќе има натаму врз буџетската политика на Република Македонија. И во напомените кои ги имав првиот ден кога расправавме по овој закон, кажав дека ако нешто како фалинка можеме да му дадеме на овој закон е финансиската конструкција и дека тоа ќе бара дополнителни средства од Буџетот. Овој преглед кој ви е доставен се базира врз податоците добиени од Фондот, затоа што тука веќе ја немаме дилемата дали се тие веродостојни или не. Ги користиме истите податоци, но за разлика од мислењето на Владата, кое само ја искажа бројката од 4 милијарди и 600 милиони денари, овде ви е дадена анализа што всушност значи за овие девет години и под услов сите 13.131 граѓанин кои ќе имаат можност да го искористат ова право да го искористат целосно, што би значело тоа финансиски. Направивме напори да ја направиме разликата, затоа што меѓу овие 13 илјади се наоѓаат над 7 илјади кои веќе се во Агенцијата за вработување и добиваат одреден надоместок по основ на осигурување за невработеност и таа разлика како што ви е дадена во прегледот изнесува 2.238.000.000 кои треба дополнително да се издвојат и тоа е половина од онаа сума која е дадена во Мислењето на Владата.

Она што треба да се каже е дека ние сме сега на почетокот, ќе влеземе во месецот кога ќе разговараме за Буџетот на Република Македонија и дека тогаш ќе треба да ги имаме и овие средства кои треба да ги обезбедиме, а за 2006 година се 359 милиони денари, што некаде популарно изразено во евра изнесуваат околу 5 милиони и 800 илјади евра.

Како пратеници имаме обврска овој аргумент, овој факт да го имаме. Цело време говорам за тоа ако сите до еден го искористат ова право, но мислам дека и во воведните напомени на 30 септември кажав дека ова не е проста и обична математичка операција, затоа што ако го прашате Министерството за финансии дека во еден фонд има одредена дупка или недоволно средства, реално одговорот во секоја земја па така и во Македонија ќе биде две алтернативи: или скратете ги корисниците или пак тој колач поделете го рамномерно за да немаме толкава буџетска дупка која за Фондот за 2006 година се планира да е некаде 2 милијарди денари.

Токму заради тоа се поставува едно друго прашање. Ако размислувате од позиција на развој на земјата и ја гледате развојната компонента, тогаш ќе се постави прашање како една работна сила која во својата структура има над 50% нискоквалификувана и е во примарната или секундарната дејност, да кажеме индустрија, рударство, градежништво, текстилна индустрија, хемиска индустрија и тн. да не ги набројувам, а споредено со тоа во развиените земји имате 2/3, а некаде и 3/4 на работна сила вработена во услужните дејности, каде што фактики се користи интелектуалниот труд, тогаш природно треба да се запрашаме дали ќе можеме да постигнеме конкурентност и на европскиот пазар и на светскиот пазар со ваква структура на работната сила, ако таа не ја менувате. Затоа, сигурно од позиција на Министерството за економија ќе ви речат дека овој закон е добар, ние треба постојано да се ослободуваме и следејќи ги лисабонските процеси кои се ревидирани 2005

година дека треба да обезбедиме на патот кон евроинтеграција јакнење на способностите на младата генерација, на младите луѓе, преквалификации, доквалификации и нивно побрзо вклучување во процесот на производство и во процесот на економскиот развој на државата, тогаш е оправдано барањето на оваа група пратеници да се ослободиме и од онаа бројка која ја имаме во Агенцијата за вработување и од онаа бројка која не може да биде конкурентна и која не може да биде толку доходовна како некоја друга генерација која би дошла на нивно место. Да не говорам за давачките кои треба да се даваат за зачувување на здравјето, за поголем број повреди при работа на одредена повисока вредност.

На крајот, да не должам, ќе завршам уште еднаш, идејата за донесување на овој закон точно е година, две во овој период да се донесе нов закон, нов систем, пензисики систем кој ќе биде погоден и за оние кои сакаат подолго и имаат можности да работат и да се даде правото на избор и по стаж и по староснa структура.

Втората работа, како да ја полниме дупката во пензискиот фонд имаме неколку можности, а тоа е поголема финансиска дисциплина на сите субјекти, тоа значи поголема работа на нашите инспекциски органи, поголема работа на Фондот кој ја има таа задача да проверува и да ги санкционира сите оние кои не плаќаат на реалната основица придонеси, да се намали сивата или црната економија како сакате и на крајот она што е најбитно и како порака што треба да ја испратиме до граѓаните кои го бараат овој закон е тоа дека во наредните девет години ние влегуваме со перспектива за зголемување на бројот на вработените, што директно значи и полнење на Фондот за пензионирање и редовна исплата на пензиите.

Од тие причини, јас само ќе се заблагодарам. Ако имам дополнителни прашања, спремни сме и како предлагачи оваа финансиска конструкција да ја образлагаме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги, би сакал само накратко да го изнесам ставот и на пратениката група на ВМРО-Народна партија и мојот личен став во однос на овој закон.

Навистина, помина подолго време од 30 септември до денес кога се дебатираше во однос на потребата од донесување на овој закон, како и за содржината на истиот и за да не се заборави, би сакал само да потенцирам поради кои причини ние како пратеничка група ова ќе го поддржиме. Факт е дека овој закон го предлагаат повеќе пратеници, скоро од сите рпатенички групи. На овој закон ние како пратеничка група не сме се потпишале не затоа што не сме сакале да го поддржиме, туку веројатно затоа што не ни била доставена некоја таква верзија или не сме биле присутни тогаш кога тој се поднесувал, но независно од сето тоа, без разлика што поголем дел од овие пратеници што се потпишале овде можеби и ќе се премислат, ние како пратеничка група немаме намера да се премислиме и ние ќе гласаме за овој закон.

Кои се причините поради кои сметаме дека овој закон треба да биде донесен?

Основното што се бара со овој закон е начинот на пензионирање согласно новиот закон, поточно со 64 години навршена возраст за маж и 62 години за жена да се пролонгира уште две години, да важи старото решение пензиски стаж 35 години за жена и 40 години навршен пензиски стаж за маж, заклучно со 31 декември 2007 година од проста причина што мислиме дека сеуште не се созреани условите за овој нов начин на пензионирање само со навршена старост, значи не се созреани условите од денес да почне да се применува. Ова е едната причина.

Втората причина е поради тоа што во јавноста има доста реакции. Ние како пратеници секојдневно се соочуваме со разни барања од разни здруженија, и од пензионери, и од граѓани и од сите оние работници кои особено работат во потешките гранки како што се: текстилната индустрија, градежната индустрија и тн. каде што навистина се доста заинтересирани за донесувањето на овој закон и го сметаат како една клучна основа за да на некој начин некоја правда се исполни.

Од друга страна, мора да земеме предвид дека Република Македонија има огромен број вработени кои работат, за жал, во такви тешки физички околности, каде што навистина законот кој што наведува некој нов пензиски систем, каде треба да се напушти работата со 64 години старост, во одредени гранки е невозможно да се потпише максимум. Во една текстилна индустрија, во една градежна индустрија, па и во други области, рударството на пример, невозможно е човек, особено работник да работи на 64 или до 64 години старост за да ја исполни квотата за одење во пензија, затоа што со начинот и условите во кои се работи и со животот денес кој што се живее невозможно е да се исполни тој максимум. На тие луѓе треба да им излеземе во пресрет, барем уште две години онака како што бара овој закон, за да се создадат услови за имплементација на новиот закон.

Од друга страна, самиот предалгач најави дека периодот од две години е добро да се искористи и да се размисли за една посеопфатна реформа на самиот систем на пензионирање, дали треба да остане ова решение или треба нешто да се модифицира, имајќи ја предвид структурата на вработените во Република Македонија.

Од тие причини, сметам дека овој закон треба да биде поддржан. Образложението за делот на финансиските средства мислам дека не држи,

затоа што на крајот на краиштата се е некако поврзано со некои финансиски средства, но затоа е тука Владата да наоѓа модус, да наоѓа начин како да го исфинансира сето тоа. Не може ако некаде нема доволно средства, а сепак граѓаните преку даноците и сето она што се одзема на некој начин сами си го плаќаат сето тоа, не може сето да се одрази или да се удри врз грбот на пензионерите.

Од сите овие причини и јас и пратеничката група на ВМРО-Народна партија ќе го поддржиме овој закон и ќе гласаме за. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Јаневска имате збор.

**Цветле Јаневска:** Благодарам претседателе.

Како еден од предлагачите на овој Предлог-закон сакав да го искажам својот став и тоа сосема кусо и бидејќи сум еден од последните дискутанти нема ништо ново да кажам во насока на аргументацијата за донесување на овој закон затоа што во мислењата на дискутантите од последната 107 седница, а особено во дидкусијата на овластениот образлагач на законот беа искажани сите аргументи, причините и целите што се сака да се постигнат со донесувањето на овој закон. Мене ми останува или да ги повторам аргументите или да потенцирам, а ќе потенцирам само некои од нив. Заложбата беше со предлагањето на ваквиот закон да се излезе во пресрет на една цела генерација работници кои чинам дека најмногу придонеле во изградбата на нашево општество и токму кога истите требаше да ги плодоуживаат резултатите од своето несебично залагање на своите работни места ги зафатија реформските процеси во земјава, кои секогаш се навистина сурови. Ова особено се однесува на трудоинтензивните дејности и од нив се појде, при нашето предлагање на законот наменет за луѓето работници во текстилните фабрики, градежништвото, рударството и сл. При ова не можам да се начудам со каква леснотија е донесен законот од претходниот парламентарен состав, без аналитичност и грижа за овој слој граѓани, зацртувајќи го терминот за неговото важење после пет години од неговото донесување. Никаде, дури ни во најразвиените земји преодниот период за вака важен закон кој ја одредува егзистенцијалната судбина на вработените не е пет туку се движи од 9 до 15 години. Овој податок влијаеше на мојата заложба за законот, а исто така и еден поважен аргумент кој го детерминираше мојот став, судбината на вработените во фабриката “Стружанка” во мојот град која претставуваше главен индустриски капацитет и во својот полно подем пред 7 години ангажираше околу 1700 работници, со 90% женска работна сила. Таа претставуваше носечки капацитет во стопанството на струшката општина. Во исто време беше и пионер во разбивањето на предрасудите за вклучување на женската работна сила во тековите на економското јакнење на државава. Токму оваа генерација за која зборувам го понесе својот товар на егзистенцијата во овој град и општина и сега новиот газда, оваа иста генерација за него е неинтересна за рестартираниот процес на производството. Се ангажираат природно млади сили, а оние кои ја подигнале фабриката, останати се надвор од неа и без решени основни егзистенцијални проблеми. Токму затоа како нивни претставник на ваков начин сакам да им помогнам и со законот се залагам да им се реши статусот. Тие тоа го заслужуваат.

**Љупчо Јордановски:** Сепак, би сакал да ве известам дека Пратеничката група на Социјалдемоктраскиот сојуз ме извести дека во 17,00 часот ќе побара пауза заради партиски обврски. Затоа ве молам ако сакаме да го завршиме овој закон да бидеме кратки и јасни.

Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, ќе бидам и кратка и јасна. Либералната партија ќе го поддржи овој закон затоа што има решение да се изнајдат средства и ваквиот закон нема да предизвика реперкусии, пред се фискални импликации врз Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, ниту пак на Буџетот кој го пополнува дефицитот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, затоа што се отвораат други можности, а тоа е новиот закон за работни односи дава солидна законска можност за поефикасна борба против работата на црно. Значи ако поработат малку поажурно инспекциските служби ние ќе имаме поголем број на пријавени работници и пензиско осигурени, значи приливот во Фондот ќе биде зголемен и сето тоа во рамките на Законот. Исто така, да се поработи малку повеќе на оној дел што се вика уплата на реални примања, а не осигурување за пензиско и инвалидско на минимум. Значи, има ресурси од каде со солидна програма и со поголем ангажман на инспекциските служби ќе добиеме поголем прилив на средства во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и со тоа нема да биде загрозен овој фонд. А од друга страна ние имаме закон за заштита, или за трајно користење на надомест до пензионирање во период ако се остане невработен после 59 година, значи до 64 години за мажи наместо овие луѓе средствата да ги добиваат како надомест за невработеност, тие многу убаво ќе си се пензионираат и овие средства што исто така се црпат од Буџетот ќе бидат многу поправилно насочени. Значи, ако овие два сегменти внимателно се разработат и се искористат сите законски рамки кои се дадени нема да има никакви фискални реперкусии врз Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Затоа не се сложувам со мислењето на Владата дека едно вакво решение ќе има удел, негативен удел на Фондот. Значи, ако сакаме, или ако имаме добра волја, тогаш има можности да се поправат работите и на овие граѓани да им се осигура пензија. А со оглед на тоа дека проектираниот

период од пет години кој кога се носеше законот за пензиско и инвалидско осигурување се гледаше од една друга перспектива, состојбите тогаш беа многу попозитивни, тенденциите во економската сфера беа такви што се предвидуваше дека за пет години ќе може да се заврши реформата. Меѓутоа, се она што се случува во тој петгодишен период сега не доведе во ситуација да моравме и да ја одложиме за малку реформата во пензискиот систем. Тоа го сторивме со измена на Законот и е проектирана таа да заврши некаде 2007 година. Сосема е реално и преодниот период да трае барем најмалку до завршување на реформата во пензискиот систем, односно до 2007 година.

Од сите овие причини Либералната партија ќе даде согласност и позитивно ќе гласа за овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Земјоделската народна партија ќе го поддржи овој Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување од причини што за да може една држава нормално да функционира нужно е перманентно усогласување на интересите на државата, капиталот и трудот. Затоа што во најголем дел во дискусиите помеѓу капиталот тоа се работодавачите и трудот, претставниците на вработените, синдикатите од 32 стопански гранки. Има расположение за поддршка на овој закон. Очигледно е дека и државата, извршните органи на државата ќе мора да се усогласат со барањата на капиталот и трудот. Овој закон е позитивен, затоа што овозможува право на избор на сите оние кои што сакаат да се пензионираат по стари услови и позитивен е и во насока што овозможува порано пензионирање на оние работници кои што работат под тешки услови како што се работниците во рударството, металургијата, транспортот, текстилот и слично.

Од тие причини Земјоделската народна партија ќе го поддржи овој Предлог закон.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги, не го прифаќам објаснувањето на Владата дека нема средства и неможат да се најдат средства за потребите на овој закон. Убедена сум дека пари за оваа намена Буџетот може да најде и може да обезбеди. Меѓутоа, прашање е на приоритети. Очигледно за Владата егзистенцијата на овие луѓе кои без своја вина се доведени во незавидна положба не е приоритет и таа не може и не сака да обезбеди средства за нив. Сметам дека тоа е спротивно на аргументите, спротивно на здравата логика, спротивно на чувството за правичност и спротивно во крајна линија и на принципите на Европската социјална повелба. Жалам ако Владата не дава поддршка за овој закон, но се надевам искрено дека колегите пратеници ќе најдат доволно аргументи и сила во себе да го изгласаат на задоволство на огромен број семејства кои што го очекуваат овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе, бидејќи во претходната расправа сите ги кажавме нашите аргументи зошто сме за донесување на овој закон. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ како потписници на овој Предлог на закон заедно со другите пратеници ја искажува уште еднаш поддршката и потребата од носењето на овој закон. Овој закон ќе овозможи огромен број на работници кои што се наоѓаат пред Агенцијата за вработување, некои од нив кои што земаат и надомест, а некои и не, а се веќе пред пензионирање да можат да се згрижат да ја добијат својата пензија. Голем дел од работниците кои што работат во тешки услови, работниците од градежништвото, текстилната индустрија, металургијата, значи сите овие работници кои што не можат физички повеќе да издржат на работните места кои што се истрошени и нивното здравје е нарушено да можат да си одат во пензија согласно со условите кои што се во Законот за пензиско и инвалидско осигурување, кои што важеа до сега. Од тие причини сметаме дека неопходно е потребно да се пролонгира овој рок на важењето на овој закон, бидејќи тогаш кога се носеше овој закон проекцијата беше сосема друга, тоа беше 2000-та година кога Република Македонија го потпиша Договорот за стабилизација и асоцијација, кога немавме војна, кога немавме бегалска криза, кога имаше сосема други проекции за економскиот раст во државата, се викаше да се преполови до 2005 година бројот на невработените и да се создадат сосема други услови за пазарот на работна сила во Република Македонија. Меѓутоа, состојбите се такви какви што се во моментот во државата, не е завршена реформата ниту на пензискиот систем. И од тие причини сметаме дека неопходно е потребно да се пролонгира важењето на законот.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ве повикувам да гласаме.

64 гласале, 40 за, 5 воздржани, 19 против.

Констатирам дека заколучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60, 47 за, 1 воздржан, 12 против.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

Во моментот на гласање беа присутни 71 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот,

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

67 гласале, 40 за, 4 воздржани, 23 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

(Аплауз)

**Минуваме на точката 38 - Предлог за донесување на закон за основање на Државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип, со Прелдог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и Извештајот на Комисијата за образование, наука и спорт, дописот на Законодавно-правната комисија и Мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитувани колеги пратеници, Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ уште во седми месец на 27.07.2005 година поднесе Предлог за донесување на закон за основање на Државен университет "Гоце Делчев" во Штип, со Предлог на закон.

Почитувани колеги пратеници, најпрвин тргнавме од тоа дека уставна основа за донесување на овој закон постои во членот 46 од Уставот на Република Македонија, меѓутоа и во членот 33 од Законот за високо образование. Сосема накратко сега ќе се осврнам на причините зошто предлагаме да биде донесен овој закон. Основна причина за основање на Универзитетот со седиште во Штип се потребите на населението од Источниот дел од Република Македонија за високообразовни установи кои што ќе нудат студиски програми усогласени со природните ресурси со кои што располага овој регион. Со основањето на овој Универзитет ќе добие своја завршница идеата за дисперзија на високото образование стара повеќе од 30 години која е реализирана само во делот на дисперзија на високото образование во Западна Македонија, значи во Западниот дел од Република Македонија, но не и во Источниот дел од Република Македонија. Во текот на седумдесетите години од минатиот век беше предложена и прифатена дисперзијата и регионализацијата на високото образование со создавање на три државни универзитети во Република Македонија, во Скопје, во Штип и во Битола. Во Штип во тие години веќе постоеја Рударско-геолошкиот факултет, Педагошката академија и Економскиот факултет, во Струмица Вишата земјоделска школа и Институтот за земјоделие, како и Институтот за ориз во Кочани. Крајот на 2001 и почетокот на 2002 година е формиран Иницијативен одбор за формирање на Универзитетот "Гоце Делчев" Штип за Источна Македонија. Направена е средба со новинари и промоција на иницијативата од страна на доктор Жан Митрев и доктор Коста Балабанов со промоцијата на Факултетот за современа музика уметност во Народниот театар во Штип. Изработени се економско општествени елаборати за уште два нови факултети и една висока школа. Економски факултет во Штип, три насоки со над 200 студенти, Институтот за јужно земјоделски култури како постдипломски студии, Факултет за современа музичка уметност во Штип со три насоки со над 50 студенти и Висока медицинска школа во Штип три насоки со над 200 студенти. И со постоечките факултети во Штип Рударско-геолошкиот факултет и Педагошкиот факултет овие високообразовни институции би го формирале новиот Универзитет "Гоце Делчев" во Штип. Тогаш е добиена поддршка за Универзитетот од повеќе интелектуалци, од локални самоуправи во Источниот дел на Република Македонија, од Министерството за образование и наука и Министерството за финансии. Кон поддршката кон граѓанската иницијатива за основање на Универзитетот 'Гоце Делчев" во Штип ја дале 22 професори, професор д-р Коста Балабанов, д-р на историја на уметност, академик д-р Жан Митрев, доктор на медицински науки, професор д-р Тодор Делипетров, доктор на технички науки, професор доктор Благој Китанов, доктор на општествени науки, доктор Саша Митрев, доктор на земјоделски науки, професор доктор Борис Крстев, доктор на технички науки, професор доктор Благој Голомеов, доктор на технички науки, професор доктор Стојан Здравев, доктор на технички науки, професор доктор Душко Цацков, доктор по општествени науки, доктор Никола Камчев, доктор на медицински науки, професор доктор Тодор Серафимовски, доктор на технички науки, професор доктор Кирил Цацков, доктор на општествени науки, професор доктор Стеван Алексовски, доктор по општествени науки, професор доктор Цане Мојановски, доктор по

општествени науки, професор доктор Владо Михајловски, доктор по општествени науки, професор доктор Стојан Пржовски, доктор по општествени науки, професор доктор Ванчо Чабуковски, доктор на природни науки, доктор Илија Каров, доктор на земјоделски науки, доктор Весна Ангеличкова, доктор по економски науки, доктор Стеван Петрушев, доктор на природни науки, професор доктор Жан Колев, доктор по музичка уметност и магистар Кирил Рибараски професор по музичка уметност. На оваа иницијатива тие се потпишале на 20.09.2003 година.

Како течеше иницијативата во тоа време почитувани дами и господа. Уште во 2002 година доставена е иницијативата до Владата н Република Македонија најпрвин до Министерството за финансии и Министерството за финансии во врска со ова барање од 17.06.2002 година го дава следното мислење. Имајќи ја предвид дефицитарноста од високостручните профили, а особено незначителните дополнителни финансиски средства за работа на овие високообразовни институции кои што се наведени во иницијативата, Министерството за финансии дава позитивно мислење за основање на Државниот универзитет "Гоце Делчев" во Штип. Тоа е на 17.06.2002 година.

Министерството за финансии дава позитивно мислење за основање на државниот универзитет "Гоце Делчев" од Штип. Тоа е на 17.06.2002 година. Ова позитивно мислење е препратено до Владата на Република Македонија, од страна на Министерството за образование, кое што ја иницира оваа постапка пред Министерството за финансии и откако добива согласност од Министерството за финансии, Министерството за образование бара овластување од Владата на Република Македонија, го поднесуват барањето до Владата, за мислење од Владата за основање на државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип и овластување на Министерството за образование и наука, да подготви проект за основање на универзитетот.

На основа на Граѓанската иницијатива, тогаш е предложено да се основаат Високата здравствена школа во Штип, Факултетот за современа музичка уметност, Факултетот за јужно земјоделски култури во Струмица, со дипломски стутии, после дипломски студии, политигрална заштита на растенијата и Факултетот за прехранбена технологија во Свети николе.

Во состав на Универзитетот се предлага да влезат и Педагошкиот факултет од Штип и Рударско-геолошкиот факултет од Штип.

Во прилог на тоа барање Министерството за образование го доставува и позитивното мислење за основање на државењн универзитет "Гоце Делчев" во Штип до Министерството за финансии и до Извештајот на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Владата на Република Македонија, која што и предлага на Владата исто така во врска со барањето на Министерството за образование и наука за основање на државен универзитет "Гоце Делчев" Штип да го усвои мислењето на Министерството за финансии во кое се предлага да се усвои ова барање.

Тоа се почитувани дами и господа чекорите кои што се направени за време на минатиот состав на овој Парламент и минатата Влада, до 2002 година која штоја раководеше државата и постапката е дојдена до тука.

Значи, согласности се дадени од неколку минситерства меѓутоа понатаму дојдоа изборите, се промени власта и не се помрдна иницијативата понатаму.

Од тие причини го истакнува тоа што беше завршено во еден претходен период, а сега ќе се осврнам на тоа што предлагаме денес тргнувајќи од основните начела врз кои што почива овој закон.

Тоа се: обезбедување на правото на образование; обезбедување на еднаквост во пристпот кон високото образование; поттикнување помагања и заштита на образованието, науката и уметноста; поттикнување на технолошкиот развој и техничката култура; научно-техничкиот развој со национални и странски високо образовани инаучни установи и остварување на други форми на соработка. Тоа се основнтие начела.

Предлагаме овој закон бидејќи не е сложен, ниту обемен, бидејќи е позната иницијативата уште одамна, иницијатива за која што расправаа многу поодамна скоро сите локални самоуправи од Источниот дел на државата и за кое што веќе некои министерства дале позитивно мислење предлагаме овој Предлог на закон да се донесе по скратена постапка и да се разгледа заедно со Предлогот на законот за основање на државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип.

Што е содржината на овој закон.

Во член 1 се вели: :Се основа државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип како највисока автономна високо-образовна научна односно уметничка установа со следните високо-образовни установи во негов состав:

Факултет за соверемена музичка уметност;

Факултет за земјоделски науки;

Економски факултет;

Правен факултет;

Факултет за прехранбена технологија;

Висока здравствена школа и

Факултет за информатички технологии".

Универзитетот ќе има својство на правно лице, ќе има една сметка за редовно работење преку која располага со буџетските средства, како и повеќе посебни сметки преку кои располага со средствата што ги остварува од

самофинансирачки активности, од донации и од кредити.

Седиштетот на универзитетот е во Штип.

Подготовките во почетокот за работа на универзитетот ќе ги врши матична комисија.

Членовите на матичната комисија ќе ги именува Владата на Република Македонија на предлог на минситерот надлежен за работите на високото образование.

Универзитетот ќе почне со работа веднаш по завршувањето на постапката водена од страна на матичната комисија.

Средствата за финансирањето на дејноста на унвиерзитетот ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од други извори определни со закон.

Што ќе се постигне почитувани дами и господа со овој Предлог на закон и што ќе добие Источниот дел од државата со овој универзитет кој што предлагаме да се основа.

Со тоа ќе заживее старата, пред 30-тина години прифатена, но не спроведена идеа за дисперзија на високото образование и создавање на регионален универзитет во Штип.

Регионот ќе добие државен универзитет со следните погодности. Студирањето ќе биде многу поефтино, ќе заживее и ќе се сконцентрира квалитетен кадар во Источна Македонија, ќе се спречи студентската миграција во соседните земји, ќе се хететерогенизира високото образование од сегашните предимензионирани институции сконцентрирани во радиус од 50 км., Скопје и Тетово со двата универзитети, како и Битолскиот универзитет, сите се сместени од десната страна на реката Вардар.

Со тоа ќе заживее Источна Македонија како инфраструктурно така и образовно во својот регион. Ќе се создадат нови работни места како на самиот унвиерзитет, така и на сите пропратни институции.

Потребата од државен универзитет во Источниот регион во Република Македонија со седиште во Штип, почитувнаи дами и господа е општествена потреба од областа на науката како државна потреба на кадри и како интерес на граѓаните на овој регион.

Високото образование за овој регион ја има единствената цел, да ја подобри образовната структура на населението, да го подигне научното ниво и д аобезбеди рамномерен развој на целата територија на Република Македонија.

Ваквата цел е императив на државата и стремеж кон Европската интеграција пред се со создавање на услови за вработување на високо-стручен кадар.

Ако се направат компаративни анализи во следењето на развојот на универзитетите во Европа со нашите во Република Македонија се доаѓа до следните констатации.

Структурата на вработените со високо образование во Европа е околу 25%, додека во Република Македонија тој процент изнесува 12,7. Просечниот број на студенти на 1000 жители во Европа изнесува околу 35, додека во Република Македонија се движи околу 22. Додека пак за Источниот регион во Република Македонија просечниот број на студенти на 1000 жители е 5,9 студенти.

Овие компаративни податоци покажуваат дека во идниот период треба да се создадат услови за зголемување на опфатот на средношколците во високото образование од регионот и зголемвување на бројот на студенти со што би се подобрила структурата на вработени во смисла на зголемвување на процентот на високо стручен кадар.

Тоа реално може да се очекува со развој на постојните и основањето на нови високо образовни установи во овој регион.

Со основањето на универзитетот “Гоце Делчев” во Штип, младите што живеат во Источниот дел на државата, а немаат материјална можност да студираат далеку од своето радно место ќе имаат можност да изберат повеќе дисциплини за кои постои актуелна потреба во овој регион, како и во државата.

Профилите што треба да ги дава универзитетот, чие отворање се бара се такви што ќе им овозможат на оние што ги избрале да го работат она за што студирале, затоа што тие се избрани така да соодествуваат со реалните потреби на економијата и потребите на населението.

Источниот дел од Македонија е предимно земјоделски регион и предложените факултети треба да го подигнат образовното ниво на населението во доменот на земјоделството и дејнсотите поврзани со него.

Три од предложените високо-образовни установи во составот на овој универзитет имаат програми поврзани со оваа основна дејнсот на регионот. Тоа се факултетот за земјоделски науки, Економскиот факултет и Факултетот за прехранбени технологии.

Факултетот за земјоделски науки треба д аобезбеди кадри кои ќе се стекнат со општи знаења од областа на земјоделските науки кои понатаму ќе можат да ги продлабочуваат на постдипломските студии, чија акредитација е во тек.

Овде сакам да потсетам дека предлагачите на студиските програми од оваа област своето внимание го насочиле кон заштита на растенијата преку борбата со негативните ефекти предизвикани од дејството на различните болести, штетници и плевели на земјоделските површини.

Тие имаат за цел да едуцираат кадри кои ќе бидат во состојба да ја подигнат продуктивноста на земјоделското производство, но и да ги направат нашите земјоделски производи конкурентни на

светскиот пазар, затоа што одговараат на еколошките стандарди.

Како резултат од зголемената потреба од високо специјализиран кадар во областа на заштита на растенијата од болести и штетници во јавната научна установа Институт за јужно-земјоделски култури од Струмица се предлага да се основаат после дипломски студии од областа на интегралната заштита на растенијата.

Институтот за јужни-земјоделски култури од Струмица во редовен работен однос има вработено научни работници кои ќе можат доста совесно да ја понесат одговорноста за квалитетна обука на идните студенти.

Институтот изготви проект за последипломски студииод групата интегрална заштита на растенијата.

Исто така изготвени се и наставни планови и програми; извор на средства за финансирање на студиите, како и потребниот број на наставен и наставно-научен кадар за успешно изведување на наставата.

Организирањето на интегралната заштита на растенијата треба да се изведе на таков начин што ќе осигура загубите кај приносот настанати како резултат од активноста на разни штеточини, болести и плевели да бидат минимални.

Посебен акцент се става на употребата на површините кои се добро прилагодени на површината, примена на балансирана програма на наѓубрување, почви со висока биолошка активност, соодветен плодоред, придружни насади, зелено ѓубриво и т.н.

Со правилна примена во пракса на предвидените мерки од интегрална заштита на растенијата значително ќе се намали употребата на најразлични хемиски средства кои всушност преставуваат и најзначајни загадувачи на почвата и водата во природата. Формирањето на високо-стручен и научен кадар од оваа област во земјоделската наука претставува голем придонес за Република Македонија имајќи го во предвид фактот на малиот број на оспособени млади луѓе во оваа научна област.

На последипломските студии може да се запишат кандидати кои што имаат завршено земјоделски факултет или факултет за биологија со просечен успех од најмалку 7,5.

После дипломските студии се организирани во траење од 2 години односно 4 семестри. Наставата, предавањата, вежбите, семинарските работи, како и практичната работа се изведуваат во првите 3 семестри, а 4-от семестар е за изработка на магистарските трудови. Испитите се полагаат писмено или усно пред предметниот наставник, а магистарската работа се брани пред комисија.

Кандидатите кои што ќе ги завршат соодветните планови и програми за научно усовршување и успешно ќе ги одбранат магистерските трудови се здобиваат со степен на стручна подготовка магистер и дипломата ќе гласи магистер по земјоделски науки, група интегрална заштита на растенијата.

Ова е почитувани дами и господа извадок од Елаборатот кој што е доставен за формирањето на овој факултет, а со земјоделското производство е поврзан и факултетот за прехранбена технологија за чие седиште е предвидено Свети Николе.

Овој факултет треба да има две насоки: насока за производство на зачини и адитиви и насока за преработка на земјоделски производи.

И двете насоки ќе едуцираат кадри за кои постои голема потреба во државата, а кои не се застапени на постоечките факултети.

Нивното вклучување во прехранбената индустрија е неопходен предуслов за остварување на зацртаната цел на Република Македонија нашите производи да бидат конкурентни на пазарите на Европа и светот.

Студиските програми на овој факултет се дизајнирани според моделот на студии од оваа област на Европските факултети. Тие ги компонираат теоретското знаење и практичното искуство на таков начин што дипломираните студенти ќе бидат во состојба директно да се вклучат во прехранбената индустрија.

Овие кадри се особено потребни сега кога голем број мали фирми се ориентирани кон формирање на погони за производство на прехранбени производи и кога се поголем број на приватни фирми одгледуваат различни видови на стопански животни.

Локацијата на факултетот за прехранбена технологија не е случајно избрана.

Свети николе е еден од земјоделските центри на државата. Во Овчеполскиот регион постојат голем број фарми и голем број индустриски објекти каде може студентите да стекнуваат практични искуства.

Поради погодностите што ги пружа факултетот студиските програми на факултетот за прехранбена технологија предвидуваат практичната настава на студентите да се одвива на две нивоа.

На почетокот, во втора и трета година на студиите практичната настава ќе биде на ниво на непосреден активен работник и во четврта година таа е планирана на ниво на инжинер на производство.

На овој начин студентите ќе бидат потполно оспособени за директно вклучување во производството.

Со земјоделството е поврзан и еден од смеровите на Економскиот факултет, а тоа е смерот агроменаџмент. Потребите за вакви кадри до сега се задоволуваа преку студиските програми на Земјоделскиот и на Економскиот факултет, но програмите на овие факултети не се доволно

специјализирани за да ги задоволат потполно потребите на агрокомплексот.

Овие кадри треба да одговорат на актуелните потреби на претпријатијата и институцииите од агрокомплексот.

Економскиот факултет треба да биде сместен во Штип.

Исто така во рамкит ена Економскиот факултет имаме и смер за меѓународна економија и смер за здравствен менанџмент.

Смерот за меѓународна економија треба да едуцира кадри кои ќе бидат оспособени да одговорат на потребите на нашето економско отворање кон странство.

Смерот здравствен менаџмент треба да одговори на потребите на здравствена економија која секаде во светот има значајно место во целокупното функционирање на здравствените системи.

За овој смер постои огромна потреба во нашата земја, но и во околните земји. Овие кадри им се потребни на медицинските центри, на болниците, специјализираните здравствени установи, министерствата за здравство, финансии, фондовите за здравствено осигурување, агенциите за лекови, заводите за статистика, државните и градските заводи за здравствена заштита, како и на невладините асоцијации кои работат во областа на здравството.

Вклучувањето на кадрите по здравствен менаџмент во споменатите установи ќе доведе до зголемување на ефикасноста во работењето и квалитетот на работата, ќе се забрза процесот на реформите во областа на здравственото финансирање и организација, ќе се унапреди начинот на работа и поуспешно ќе се следат здравствените трендови на оптовареност со болести и смртност на населението, квалитетот на животот и резултатите од здравствените интервенции.

Во рамките на државниот универзитет "Гоце Делчев" во Штип се предлага основање односно формирање и на правен факултет. За правните науки постои голем интерес во државата.

Со основањето на правниот факултет во Штип ќе се одговори на интересот на младите од овој регион за нивно студирање.

Штип е регионален центар со Основен суд, Апелационен суд, Јавно обвинителство и голем број на правни субјекти кои што имаат потреба од дипломирани правници.

Моменталните размислувања за оформување филијали на Правниот, Економскиот факултет од Скопје не се решение за потребите од овој регион. Факултетите имаат посестрана дејност отколку само организирањето на студиски програми.

Тие пред се се центри на научна и стручна дејност насочена кон конкретните потреби на регионот.

Исто така се предлага основање и највисока здравствена школа која треба да одговори на потребите на регионот за високо стручни потреби на здравствени работници во здравствените институции на регионот и пошироко.

Со едукацијата на овие кадри ќе се намали актуелната дискрепанца меѓу научното знаење на лекарите специјалисти и останатиот здравствен кадар во здравствените институции кои во огромен број се со средна стручна подготовка.

Здравствените работници со завршена високо здравствена школа ќе бидат оспособени самостојно и компетентно да пружат здравствена заштита на болните и повредените, ќе бидат во состојба да ги следат најновите достигнувања во соодветната медицинска област.

Исто така во рамките на универзитетот "Гоце Делчев" од Штип се предлага основање на факултет за информатика.

Пред да запознам со предлагање на потребата за отворање на високо образовна институција факултет за информатика, мора да се земат минимум во предвид два еспекти. Првиот е секако економската потерба од отворање на таков вид институција односно барањата на пазарот на трудот, сега и во иднина, а вториот аспект е стратешкиот интерес на земјата од отворање на тој тип на институција, од аспект на барањата на пазарот на трудот, сега и во иднина.

Во моментот во Република Македонија, ако воопшто можеме да кажеме дека имаме кадар од оваа област, се наоѓа релативно брзо вработување и тоа е секако основното нешто за кое треба да размислиме зошто е потребно основање на овој факултет за информатика. Тоа е потербата на кадар од оваа област и можноста за нивно брзо вработување и вклучување во севкупниот развој на нашата држава, а за во иднина работите, верувам се уште појасни во однос на потребата од овој високо стручен кадар.

Вториот аспект се стратешкиот интерес на Република Македонија за отворање на тој тип институција. Генерално велиме дека стратешки интерес за Република Македонија е членство во Европската унија и НАТО. Нашиот прием во овие институции го кочат, меѓу другото и неефикасната јавна админситрација, судство, полиција, здравство, образование и пред се неконкурентното стопанство. Зборуваме за реформи, а какви ќе бидат тие реформи без да ги подобриме внатрешните перформанси во овие системи со ефективна примена на инфраструктурата од областа на информатиката со која се располага, или евентуално треба да се располага.

Градењето и уште повеќе поддршката, одржувањето и надградбата на овие информатички и технолошки системи е секако во корелација со постоењето и постојаниот прилив на квалитетен кадар од оваа област. Значи, првиот момент е Република Македонија како

држава за да ја подобри ефикасноста на своите институции, помеѓу другото ќе мора да располага со одреден квантум на квалитетен информационо технолошки кадар за да се реорганизира по теркот на една современа држава.

Следниот момент е економскиот развој. Јасно е дека нема економски развој без примена на современи технологии.

Стратешка определба велиме дека ни е привлекување на странски инвестиции. Меѓутоа, не може главен аргумент за привлекување на странците да ни биде ефтината работна сила. Мора, исто така, да понудиме и стручен кадар кој ќе може да се справи со евентуално новите технологии кои би ги донеле странските инвеститори. Да не зборуваме дека во последните 10 до 15 години имаме и феномен на одлив на мозоци, а добар дел од нив се од информационо технолошката бранша. Стратешки интерес е на Република Македонија тие луѓе овде да си ја гледаат својата иднина. Да направиме услови за реверзибилен процес, наместо нашите инжинери, професори и асистенти да бараат подобра живот во Канада, во САД, во Нов Зеланд, Холандија, во компаниите на Мајкрософт, Моторола, Филипс и други, тие да дојдат, да си бидат тука, да си работат во сопствената држава, меѓутоа да ги донесеме овие светски компании овде во Република Македонија и да придонесеме со тоа за развојот на сопствената држава. Впрочем земјата со најголем економски раст, Кина, го прави токму тоа, а Индија и Пакистан се земји кои имаат сличен стратешки концепт. Значи, стратешки интерес на Република Македонија е и информатички писмено население. Еден од критериумите кој покажува колку како народ се информатички писмени е секако процентот на луѓе кои се користат со Интернет, а во Македонија тој процент е поразителен, со само 5%, 10 пати помалку од просекот во Европската унија, процент кој не сместува во редот на афричките земји, а не во современа Европа.

Иако мислам дека за сето погоре кажано може уште да се зборува, ќе се осврнам на моменталните можности за студирање на информатички технологии кај нас.

Во Република Македонија во моментот постојат неколку државни факултети кои продуцираат кадар под областа на информатичКите технологии на универзитетот “Свети Кирил и Методиј” во Скопје, на Природно математичкиот факултет се одвиваат информатички студии поделени во две студиски насоки, наставна каде се стекнуваат дипломираните со титула дипломиран професор по математика и применета, инжињер по информатика. На Економскиот факултет во Скопје функционира и бизнис департментот. Од учебната 2004/2005 година, на Електро-техничкиот факултет пак во Скопје почнаа да се применуваат новите студиски програми за тригодишни и четиригодишни студии, подготвени според кредит трансфер системот.

На Електро-техничкиот факултет се нудат следните насоки: компјутерска техника, информатика и автоматика, прв модум информатика и компјутерско инжињерство и втор модум компјутерско системско инжињерство и автоматика.

На Машинскиот факултет во Скопје функционира студиска програма мехатроника чиј предлагач е одделот за математика и информатика, при институтот за механика со основни компетенции познавање на софтверски управувани механички системи, производство и одржување на мехатронички системи и креирање на софтвер за инжињерски апликации.

На Техничкиот факултет во Битола, и универзитетот Свети “Климент Охридски”, меѓу другите формирани се тригодишни и четиригодишни студиски програми за графичко инжињерство и техничка информатика.

Од наброените податоци за високо образовните институции во Македонија се забележува дека никаде не е спомнат универзитет во источниот дел на Република Македонија, што значи дека студентите од источниот дел на Република Македонија што имаат желба да студираат информатика треба да се запишуваат најчесто на факултетите во Скопје или на Техничкиот факултет во Битола, или што е тенденција последниве години на универзитетите во соседна Бугарија и останатите универзитети од соседството.

Тенденцијата на постојаното покачување на цените на горивото, на струјата, на топлификацијата и висината на станарините како во студенските домови така и во приватното сместување повлекува голем број млади кои сакаат да се запишат на високо образовните институции од областа на информатичките технологии не се во можност да го направат тоа на универзитетот во Скопје или Техничкиот факултет во Битола.

Со отворањето на факултет за информатика би се запрела тенденцијата на се поголем одлив на студенти од нашата земја, би се стимулирале младите од источниот дел на Република Македонија кон оваа гранка која има најголем замав во моментот во светот, а и на постоечките студенти значително би им се намалиле трошоците за студирање.

Исто така, треба да се потенцира дека со отворањето на факултет за информатика во Штип, сигурно би се растовариле и соодветните факултети на Универзитетот во Скопје во однос на просторот и технички план. Се знае дека огромниот број на нови студенти повлекува и проблем со нивното организирање за време на предавањата и вежбите, па имаме случаи кога поради огромниот број на студенти, слушатели, не е можно целосно да се одржат предавањата и вежбите од областа на информатиката. Друг аспект е тоа што во набројаните институции во

Македонија, никаде не се споменува факултет за информатика. Тоа укажува дека на овие институции информатиката се изучува во контекст на соодветниот факултет, а не како чиста информатика, како што е случај на универзитетите во соседните земји. На овој факултет дипломираните студенти ќе бидат специјалисти со можност за комплексно решавање на проблемите на информатичкото опслужување од сите аспекти, програмски, технички, правен, економски и организационен, што значи ќе поседуваат база на податоци со која лесно ќе можат да се адаптираат и професионално да се развиваат и што е најбитно, а недостига за нашите факултети, ќе можат веднаш и практично да се вклучат, како во производниот процес, така и во управувањето или менаџментот на било која фирма, преку сите информатички технологии.

Во споредба со другите наставни програми, овој факултет би се карактеризирал со побрза стуктуираност и поголема интердисциплинарност. Ваквата одлука и структуираност ќе гарантираат завршување на студирањето по планираниот рок што е можност за лесна и брза адаптација на условите на различни фирми, приватни или општествени институции, не само кај нас, туку било каде во светот.

На факултетот за информатика, акцентот би се ставил на способноста за моделирање, распознавање и формализација на задачите при составување на математички, информатички модели и програмирањето на соодветните модели со употреба на современите технологии и средства. Најкарактеристично во ваквите програми е развивањето на комуникативноста која е неопходна во тимската работа, со специјалисти од разни области. Конечно би се заживеал и продуктот присутен на сите светски универзитети, освен кај нас. Далечинското учење за остварување на овој проект, се што ни треба е компјутер и Интернет мрежа. Предавањата и задачите од менторот пристигаат преку мрежа, а студентот ги разработува офлајн од било кое место и во време кое нему му одговара. Притоа, преку Интернет мрежата достапна е целата можна светска база на податоци, сервиси, како и другите професионалци, од дадената област. Факултетот за информатика би бил најпогодна институција за организирање на редовни отворени семинари на кои би се следеле резултатите од научните истражувања и практичните резултати на колегите од другите факултети од земјава и од странство каде освен размената на научните податоци, би се размениле и искуства врзани со оптимизацијата на учебниот процес.

Кадар за функционирање на оваа високо образовна институција имаме, како во веќе постоечките професори и асистенти од сродните факултети, така и меѓу веќе големиот број на невработени магистри и доктори на науки, како и меѓу сегашните и идни дипломирани студенти.

И опремувањето на факултетот не претставува посебен проблем затоа што и за тоа има многу начини кои може да се преземат, како на пример со сопствени средства од факултетот, помош од Владата, различни донации и слично. Лесно може да се набават потребните компоненти за започнување на функционирање на новата институција. Реална е се поголемата побарувачка на што поголем број на инжињери дипломатичари, специјалисти, во светот. Според Мајкрософт на нивната 12-та сесија одржана на 3 јули во Амстердам, секоја фирма колку мала и да е за успех во својата работа, меѓу своите вработени мора да има професионалец, развивач на софтвер и информатички работник. Нашата земја мора да го следи овој светски тренд, ако воопшто мислиме на некаков напредок и вклучување во Европската унија и светските текови. Енормно нискиот процент на информатичка култура и искористеност на интернет можностите, само ни потврдуваат дека мора сериозно да работиме на тој план.

Почитувани дами и господа, од сето ова што го кажав, неопходно е потребно да се отвори нов факултет за информатика по рамките на Штипскиот универзитет. Се разбира дека Владата може да преземе и други мерки за подобрување на севкупните ситуации во областа на информатиката, дури и субвенции кои на пример во Германија, Франција, Грција и останатите земји членки на Европската унија, се преземени заради зголемувањето на бројот на корисниците на Интернет. Сметам дека никогаш не се доволни стручни лица од областа на информатиката. Доказ за тоа се на пример Кина и Индија во кои годишно дипломираат и по 200 илјади инжињери со признат квалитет на знаење. Можам да набројам многу примери, не само од Кина и од други земји кои полагаат посебно внимание за развој на информатиката. Начините на кои државите тргнале по процесот на преструктуирање и станување информатичко општество, се разликуваат од држава до држава, но сите тие имаат едно заедничко. Кај сите нив постои силна политичка волја, на политичарите кои се на власт, да си ги трансформираат своите држави во информатичко општество. Кај нас голем уддел во таа насока би имало, меѓу другите предлози и отворањето на новиот европски ориентиран и современ, според светските признати стандарди, факултет за информатика во Штип.

Почитувани колеги пратеници, од сето тоа што го наведов во врска со опраданоста од основање на нов универзитет “Гоце Делчев” во Штип, сметам дека воопшто нема да има сомнеж кај колегите пратеници дека нема потреба од основање на овој универзитет. Очекувам целосна поддршка од сите пратеници, бидејќи навистина постои потреба за сите граѓани од источниот дел на

државата да имаат универзитет во овој регион. Сите граѓани од источниот дел на државата со години наназад плаќаат придонеси за високо образование, за себе и за нивните деца и сметаме дека конечно државата треба да им врати со основањето на универзитетот "Гоце Делчев" во Штип и со тоа не само што ќе се зголеми процентот на опфатот на млади кои одат на високо образовните институции во државата, кои доаѓаат од источниот регион, туку ќе се подигне и научното ниво во самите институции кои се основаат. Ќе се воспостави една поблиска врска со бизнис-секторт и овие научни институции ќе работат и во нивни интерес, значи непосредна врска ќе се обезбеди со бизнис-секторот, а со тоа ќе се поттикне развој на источниот регион во државата за да се овозможи рамномерен развој на Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници, уште еднаш ве повикувам сите да го поддржите овој предлог за донесување на закон за основање на универзитетот "Гоце Делчев" во Штип, со предлог на закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Од пријавените дискутанти за реплика се јавуваат господинот Макрадули и господинот Јашари.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Ќе се обидам во три минути да реплицирам или да укажам, во интерес на јавноста, за некои работи.

Прво, иницијативата за основање на универзитет "Гоце Делчев" во Штип со проектните програми кои се потребни кога се доставува ваква иницијатива, во интерес на јавноста да кажам дека дошла на 17.6.2002 година, значи непосредно пред изборите. За да биде политичкиот момент или политичкиот популизам уште поголем , на истиот ден, на 17.6.2002 година и Комисијата што треба стручно да ја оцени потребата од основање на пет нови факултети или високообразовни школи и Министерството за финансии, можеби ќе звучи интересно, во ист ден на 17.6.2002 година, одговараат на барањето на Министерството за образование, доставено на 28.7.2002 година.

Ќе се согласите дека 17 дена, па се погодило во ист ден Комисијата да го анализира тоа и тоа да го направат непосредно пред седницата на Владата, која исто така набрзина ја носи оваа одлука. Затоа, сметаме дека во тој момент е направен политички популизам од страна на тогашната партија на власт. Покрај тоа што мислењето на министерот Груевски го кажал, рекол дека за основање на 5 нови факултети се потребни незначителни дополнителни финансиски средства.

Втора работа што сакам да ја кажам е дека оваа иницијатива е дополнета со амандман за основање на факултет за информатика на 13 септември, а иницијативата е поведена во септември 2003 година, што укажува на тоа кога виделе дека од Владата е предложена стратегијата за информатичко општество, каде што се предвидува новиот тип на решавање на проблемот во високо образовните кадри од областа на информатиката, набрзина со амандман сакаа да формираат факултет со некоја насока што не знам дали на англиски постои таков збор, веројатно господинот Груевски како потписник кој го прочитал писмото од Мимиц од англиски јазик ја бараше верзијата. Веројатно не го ни има погледнато и има направено тежок лапсус овде и бара некоја насока што во принцип ја нема, а што таа насока како деловопер варијанта најмалку може да помогне во реформата на јавната администрација, туку може да послужи за други работи.

Да го кажам и мислењето на Владата. Значи, Владата нема против основање на факултет, тоа го решава со процесот на дисперзија на високото образование и не се оди на штета на граѓаните. Напротив, се нуди едно решение кое треба да покаже на терен да видиме дали навистина функционира или не. Оваа година почнуваат и тие студиски програми на правниот, економскиот, медицинскиот и земјоделскиот факултет како дисперзирани програми на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј". Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Повелете госпоѓо Бонева имате една минута контра реплика.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега Макрадули, наместо да направите анализа за да покажете дека се работи за политички популизам, мислам дека времето што го имавте за реплика требаше да го потрошите за тоа да ни кажете кои се вашите аргументи, зошто сте против основањето на Универзитетот "Гоце Делчев" од Штип. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика има господинот Аднан Јашари.

Повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине потпретседател,

Слушајќи ја со внимание почитуваната колешка за иницијативата за основање на висока установа или на еден универзитет со седиште во Штип, сакам да нагласам дека, а тоа го нагласи и претходниот говорник, координаторот на СДСМ, но и покрај тоа во својство на член на Советот, сакам да го исполнам тоа што го рече претходниот говорник дека акредитивниот Совет има дадено позитивно мислење за оваа иницијатива на Влада за дисперзија на 5 високи институции од Скопскиот универзитет. Ова мислење е поднесено во Владата. Јас мислам дека Владата има донесено одлука за дисперзија на овие 5 институции. И, токму анализирајќи ја оваа одлука на Владата, ценам дека навистина не

знам која ќе беше причината по дисперзијата на петте институции на високото образование од" Св. Кирил и Методиј", да се основа и еден друг универзитет.

Од друга страна можеби создадов погрешен впечаток, но и покрај тоа слушајќи ја со внимание почитуваната колешка дојдов до заклучок дека секогаш кога говори за дисперзија, нејзиното настојување беше со политички карактер. Меѓутоа, и покрај се сакам да нагласам дека кога се говори за дисперзија тие прашања или овие постапки се прават со одлука на Влада , а не со закон од Собрание.

Сакам да заклучам дека лично нема да бидам никогаш за основање на вакви институции, посебно кога се говори за универзитети, но во контекст на тоа што го реков претходно и имајќи ја предвид дисперзијата на петте институции од високото образование, мислам дека во моментов не е оправдано да основаме институции врз институции. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Јашари, се извинувам, не знам дали е преводот во прашање, но преводот беше дека лично не сум за институциите или против. Затоа, молам да се изјасните. Ве молам, тоа точно да го дефинирате, за да биде надвор од Деловникот, да бидеме чисти, за да можеме добро да се разбереме.

**Аднан Јашари:** Јас ќе повторам уште еднаш. Советот има донесено позитивно мислење за дисперзија на петте институции од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". Член на тој Совет сум јас и гласав за оваа дисперзија. Во овој контекст кога е во постапка, значи остварувањето на ова мислење и мислењето на Владата реков, а уште еднаш ќе кажам и ќе повторам да не ги дуплираме институциите, туку да видиме, бидејќи мислењето на Советот како Комисија составен од стручњаци беше во моментов да се направи дисперзија што во иднина можеби оваа дисперзија ќе се претвори или ќе се основа некоја институција, тоа е оставено во иднина и да се оцени.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Најпрво, колега, очекував конзистентност во вашите ставови. Велите дека не е добро, не е оправдано основање институција врз институција односно дуплирање на институциите. Ако го имате тој став и тогаш кога овде се носеше одлуката за основањето на Тетовскиот универзитет, тогаш навистина ќе мислев дека вашиот став е конзистентен по однос на прашањето за основање на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип. Во Тетово го имавме Штуловиот универзитет, а во истиот град се основа и Тетовскиот универзитет и тогаш не зборувавте дека се основа Универзитет врз Универзитет. А со основањето на овој Универзитет сметаме дека ќе се развие конкуренцијата, ќе се подобри квалитетот на образовни услуги, ќе се развие научно истражувачката дејност која што ќе оди во прилог на развојот на овој дел од државата.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Голомеов Благој.

Повелете господине Голомеов.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине потпретседател, дами и господа,

Пред нас имаме една точка на дневен ред која се однесува на Предлогот кој доаѓа од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, за основање на универзитет во Штип. Како еден од иницијаторите на таа иницијатива која веќе беше спомната, а која носи датум 2002 година и како еден од активните учесници во постојната дисперзија на високо образовни студии во источниот дел на Република Македонија, поточно во Штип, би сакал да го искажам своето размислување.

Не можам да се отргнам од впечатокот дека сепак ова од тоа колку е искрена целата оваа иницијатива, дали ова не претставува политички памфлет донекаде. Дали нема да внесе повеќе конфузија и дали не ги релативизира работите до крај, бидејќи во целот оизлагање на госпоѓата Бонева ниеднаш не беше спомнато она што како иницијатива моментално во реалноста сега се случува во источниот дел од Република Македонија односно во Штип. Зошто го велам ова?

Прво, имавме иницијатива која беше овде презентирана и која имаше начелна поддршка и од тогашниот министер за финансии, а сега лидер на ВМРО-ДПМНЕ, имаше поддршка од тогашниот премиер, имаше поддршка од тоашната Влада, меѓутоа не беше реализирана. Потоа, таа иницијатива за која се вели дека била непосредно пред изборите и немала време според она што госпоѓата Бонева го рече да се реализира, па едноставно дошле изборите, се псотавува прашањето зошто таа иницијатива не беше актуелизирана во 2003 и во 2004 година, туку дури сега при крајот на 2005 година. Не беше актуелизирана и во моментот кога се покрена иницијативата за дисперзија на студиските програми. Значи, во моментот кога ние се обидовме и супеавме донекаде, всушност успеавме до крај да ги мобилизираме и градоначалниците од тој дел на регионот да дадат поддршка на оваа иницијатива, во соработка со Ректоратот на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" се определивме за нас на единствено правиот пат да се дојде до она што велиме сега универзитет. Но, преку еден еволутивен начин.

Имено, како што сите знаете оваа година почнаа дисперзираните студиски промени на Правниот и на Економскиот факултет, на Високата медицинска школа и на Земјоделскиот факултет.Скоро е готов проектот за политехнички студии, има согласност за отворање на две паралелки на Електро-техничкиот факултет-

информатика, на Машинскиот факултет. Сите технички факултети дадоа согласност за тие политехнички студии. Така, едноставно дури наредната година кога ќе го имаме првиот уписен рок, ќе се видат ефектите од дисперзијата на високото образование. Мислам дека со тоа се решава суштината на проблемот. Со тоа се решава пристапот на младите генерации до високото образование, она што треба да ни биде суштина како проблем.

Фак е дека имаме регион од 500 жители, факт е дека имаме 6000 нови средношколци секоја година кои завршуваат средно образование. Факт е дека голем процент од нив ни одат надвор. Повеќе загрижува фактот дека голем процент немаа пристап до високото образование, поради социо-економски услови.

Имајќи го сето тоа предвид, ова не беше самоиницијатива поединечна, ова беше иницијатива на големиот број на тие потписници што госпоѓа Бонева веќе ги читаше. Да се анимира Ректоратот, да се анимира Универзитето "Св. Кирил и Методиј" кој е единствен Универзитет односно место каде што имаме доволен стручен потенцијал, за да се влезе во реализација. Повторно ќе кажам дека за дисперзијата во овој момент нема институции, туку на студиски програми. Зошто е тоа битно? Битно е бидејќи секогаш треба да имаме студии кои се во духот на времето, кои се потребни ако знаеме дека високото образование е еден од темелите на економскиот развој, заедно со моежеби патната инфра структура и некои други погодности, така што суштината е токму во тоа. Она што е најпотребно, она што е во моментот најпожелно, она што е најпосакувано од младите да го имаат како можност да го студираат и да се едуцираат. Дали после неколку години овие диспензирани студии ќе прераснат во универзитет или во универзитетски кампус по мене е илереватно. Битно е да им се овозможи на младите да го студираат она што го сакаат, да им се овозможи на младите до оние високообразовни програми за кои тие се определиле.

Значи во овој момент тука се разликуваме. Дали не е правиот пат , сметаме дека е овој правиот пат, елувутивен начин на развој на високото образование во регионот, отколку преку ноќ донесување на одлука за студии за кои искрено верувам, и убеден сум дека надвор од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" нема доволен потенцијал. Сепак, со помош и соработка со најстариот Универзитет во Република Македонија можеме еден ваков процес на дисперзија на високото образование успешно да го завршиме. Затоа, треба да и се даде шанса на оваа дисперзија, која од оваа година почна и треба сите да се заложиме истата да се одвива максимално и со максимална поддршка и на Владата во смисла на средства. Регионот, градот Штип што се однесува до просторните услови е подготвен и може да одговори на истите, така што сите предуслови за разрешување, за суштинско разрешување на овој проблем се пред нас и ги имаме.

Затоа, сметам дека треба да ја подржиме оваа дисперзија и дека во овој момент не постојат основни предуслови за донесување на една ваква одлука, бидејќи во најмала рака ќе внесеме конфузија во еден процес, кој е веќе отпочнат и тогаш не знам што се може од сето тоа да се изроди. Благодарам

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.
Три минути има реплика госпоѓата Бонева Силвана.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега, кажавте дека овој проект имаше подршка од тогашниот министер за финансии, премиер и зошто тој не се реализирал и зошто таа иницијатива не била актуелизирана во 2003 и во 2004 година. Значи, претходната Влада започнала една постапка и стигнала до некаде. Ја зела предвид граѓанската иницијатива, дала согласност, значи две министерства, Министерството за образование и Министерството за финансии и сега тоа е тоа што ви пречи дека некој претходно анимирал нечија идеја и направил чекори за нејзина реализација, а од друга страна пак, зошто сме молчеле во 2003 и во 2004 година, туку дури сега доставуваме предлог на закон. Па, токму заради тоа што чекавме вие односно вашата Влада она што го преземала како обврска од претходната Влада да си ја заврши работата. Кога видовме дека ништо не се помрднува, го доставивме овој Предлог на закон. Сметам дека тоа не е никаков грев. Велите дека потписниците кои што ја подржаа граѓанската иницијатива, меѓу кои што сте и вие сакале да го анимираат Ректоратот за реализација на студиски програми и дека се залагате за еволутивен начин за развој на високото образование преку дисперзираните студии. Зошто тогаш се потпишавте за подршка на граѓанска иницијатива за основање на универзитет "Гоце Делчев"-Штип. Не се вели за дисперзирани студии на Универзитетот "СВ. Кирил и Методиј". А, од друга страна пак, овде ни велите дека нема надвор од универзитетот потенцијал на нови односно нов универзитет и нови студиски програми. И, дека не постојат во овој момент предуслови и со овој Предлог на закон ќе внесеме само конфузија. Ќе кажам, дали така размислувавме и за другите универзитети кои што се основаа во оваа држава. Зошто се потпишавте на една граѓанска иницијатива што значи основање на универзитет, а не за дисперзирани студии. Дали тогаш немавте предвид тоа што го велите дека надвор од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" нема потенцијал. Сигурно сте мислеле поинаку, па сте се потпишале на 23 09.2003 година. Благодарам.
**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Господинот Голомеов има една минута контра реплика.

**Благој Голомеов:** Добро, госпоѓо Бонева, јас сепак останувам на впечатокот дека се работи за политички памфлет. Прво, велите дека ништо не е направено. Како може да кажете дека ништо не е направено кога веќе е во функција и веќе живее дисперзија на високо образование во Штип и во источниот регион. Студентите веќе работат и слушаат настава на Економски, на Правен, на Високата медицинска школа, на Земјоделскиот факултет. Како може да кажете дека ништо на теренот не е направено.

Од друга страна во текот на оваа иницијатива, втората иницијатива за дисперзирани студиски програми, беа анимирани скоро сите началници, градоначалници кои вие ги предложивте на локалните избори.

И, зошто во тој период не застанавте како партија, да речете, чекајте, дајте да направиме вака или така. Зошто не се вклучивте, туку едноставно, никаде ве немаше. И сега, кога почна реализацијата на идејата, вие излегувате со Предлог на закон.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.

Има збор господинот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, господа предлагачи, за овој закон, ние на Комисијата за образование и наука дискутиравме два часа, дали е потребно, дали не е потребно, дали сега е време, дали не е време. Добро е и овде на самата пленарна седница да кажеме дел од своите видувања по однос на оваа иницијатива. Јас и тогаш и сега и после ќе укажам дека имав резерви по однос на оваа иницијатива. Тоа ќе го образложам на мој начин. Овде слушнавме од еден од предлагачите кој даде свое образложение, слушнавме пред малку и еден од потписниците на иницијативата за предложената програма за основање  на универзитет Гоце Делчев во Штип, значи можеме некако да споредиме како луѓето размислуваат подалеку.

Мене ми е мило да бидам уверен дека оваа иницијатива слави јубилеј годинава. Триесет години, таа е постара и од мене. Самата иницијатива и гледано хронолошки, таа е дадена некаде шест-седум месеци пред изборите во 2002 година од тогашниот министер за финансии. Значи во сите тие одредени скратени рокови таа иницијатива можела да заживее и овдека во Собранието, бидејќи тогашното мнозинство ВМРО-ДПМНЕ, можело сето тоа да го претвори во закон. Меѓутоа,  од нивни познати причини, тоа не го направиле и еве оставиле одреден простор, таа иницијатива од тогаш до сега го направи својот јубилеј од 30 години. Значи 27 имала тогаш, сега има 30. И нормално,  година дена помалку, година дена пред избори некој тоа сака да го претвори повторно во реализиран проект. Јас мислам се со една цел да се дозволи на тамошниот електорат. Значи гледам одреден популизам во оваа иницијатива. Неспорно е луѓето да имаат право да избираат каде ќе студираат, како ќе студираат, меѓутоа, сигурно дека Република Македонија, јас кажав на Комисијата и сега ќе повторам, може секој град да го претвори во универзитетски град. Земете го примерот на Холандија, каде што се знае, утре е тој град, кој претставува универзитетски град во таа држава. Земете го примерот на Шведска, Малме е тој град кој претставува универзитетски град. Значи ние не можеме овде да си дозволиме секој град да го претвориме во универзитетски.

Од една страна, и во Куманово имаше една таква иницијатива, која реално не наиде на позитивно тло во овој момент ние и таму во одреден временски период да основаме универзитет. Значи, јас од тој аспект мислам дека сепак, се работи за една пред се популистичка иницијатива, која помалку од година дена, сакате да ја претворите во законски проект.

Од друга страна, само четири дена пред овој проект да се најде на Комисијата за образование, наука и спорт, излезе во дневните весници дека од она што значи упис на дисперзираните факултети во Штип, од можните 500 уписни места, се пријавиле само 200 студенти, што за мене тоа, гледајќи од овој аспект, читајќи за таквата заинтересираност на тамошните потенцијални студенти, дава за право дека  сепак, не е такво интересирањето, како што вие сакате да го претставите во вашето образложение. Јас верувам дека младите, односно идните студенти секогаш сакаат да студираат во поголем град, каде што ќе им се нудат подобри можности. Нормално, оние што се финансиски подобро ситуирани, тие го земаат правото да студираат надвор од нашата држава на некои од тамошните приватни универзитети, нормално, за поголем квалитет.

Значи, добро е да дозволиме она што го направи Владата, ги отвори дисперзираните факултети во Штип, да им дадеме шанса тие да заживеат. Така можеме и аналитички понатаму да вградиме она што значи на крајот основање  на државен универзитет во Штип. Владата во своето мислење, впрочем, тоа го кажа дека таа не е против. Меѓутоа, ајде да оставиме еден простор да видиме навистина како тие ќе заживеат во пракса. И врз база на тоа сето тоа потоа прерасне во  државен универзитет во Штип. Од друг аспект, јас навистина, со респект гледам на господата професори, доктори и академици, магистри кои се потпишани на оваа иницијатива. Меѓутоа,  кај нас и Законот за високо образование, поставен на таа основа, тој дозволува и приватна иницијатива. Зошто кај нас доктори, академци, министри не се решат тој дел од Законот да го искористат и да поведат приватна иницијатива за основање на универзитет. Меѓутоа, тука треба да се соочат со еден ризик. Секогаш ги бараме полесните начини

за одредена иницијатива преку државата. Значи, ако законот децидно овозможува ние да можеме и приватната иницијатива да ја претвориме во универзитет, зошто тоа не го гледаме на тој начин. Затоа, најверојатно оваа идеја раснела 30 години, сега завршила кај некој референт во одредена институција и не можела до крај оваа идеја да се реализира. Еве сега на помалку од година дена пред избори, ајде сега да го завршиме овој законски проект, еве ги луѓето од позицијата условно не се за еден таков проект, ние понудивме. А претходно сте ги имале сите механизми тоа да го направите сосема легитимно.

Јас не би сакал, тоа беа и кај мене мотивите, кога не го дадов својот глас на Комисијата за образование, наука и спорт и не би сакал сега дел од работите да ги повторувам, бидејќи после мене знам дека е пријавен мојот колега Александар Флоровски, кој секогаш има да каже по одредена тема нешто ново, нешто интересно. Значи повторно ќе кажам нема да го дадам мојот глас и ќе оставам простор на мојот колега Флоровски да каже нешто. Благодарам.
(Со седницата продолжи да претседава Љупчо Јордановски, претседател на Собранието).

**Љупчо Јордановски:** За реплика се пријави господинот Сашко Кедев. Повелете

**Сашко Кедев:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, очигледно дека нема да стигнеме до 17 часот да ја завршиме оваа точка и затоа ја користам оваа прилика да му реплицирам на претходниот излагач и да расчистиме едни дилеми во однос на дисперзијата на студиите.

Македонската јавност мора да знае дека конкурсот за дисперзирани студии беше објавен на крајот на септември минатата година. Значи, на крајот на септември граѓаните од тој регион, од штипскиот регион и цела југоисточна Македонија, имаа можност да се пријават и да конкурираат на дисперзирани студии. И покрај тоа што конкуροст беше објавен на крајот на септември, а не нормално во јули, се пријавија 300 студенти. Значи не 200 или помалку од 200, туку 300 студенти, кои што конкурираа и се запишаа на дисперзираните студии. Токму тоа укажува дека е огромен потенцијалот и интересот на младите луѓе од тој регион да студираат во Македонија, а не да одат во соседни држави, да земаат странски државјанства, да ја напуштаат Република Македонија, или голем дел од нив, поради финансиски лимитации да не можат да се образуваат во високото образование. Тоа значи дека потенцијалот е огромен и не треба со дисреспект да гледаме на 30-годишната стара граѓанска иницијатива. Значи таа 30-годишна стара иницијатива не е случајна. Тоа значи дека нашите претходници виделе голема потреба таму да има високо образование. Тоа не е само важно за градот Штип. Еве земете во Струмица имаме најмалку 50 или 60 студенти веќе запишани на дисперзирани студии. Факт е дека дисперзираните студии претставуваат едно хибридно решение, палијативно решение, да не кажам политички маркетинг на актуелната владеачка структура. Не е политички маркетинг една стара иницијатива, која што има многу сериозно образложение од реалноста. Многу сериозно образложение кое што за среќа на сите нас го предложиле некои овде присутни пратеници од сегашното парламентарно мнозинство. Тоа е за поздравување. Не треба да се критикуваат луѓето и да им се врши притисок, туку треба сите да го поздравиме тоа и да побараме сојузници и во останатите членови на Парламентот од парламентарното мнозинство.

Факт е дека високото образование е едно од најстратешките инвестиции за економски развој. Меѓутоа, тоа не е краткорочна мерка која што ја преферира сегашната Влада и сегашниот премиер. Затоа му порачуваме дека ако е заинтересирана Владата и премиерот за економскиот развој на Република Македонија, подобро да израсне едно среднорочно и долгорочно решение, кое што ќе го зголеми и квантитетот и квалитетот на високообразовниот кадар во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имате една минута господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Колега Кедев ми реплициравте мене, а не на Владата. Јас го кажав мојот став, меѓутоа, јас сакам да повторам нешто. Јас тоа што го кажав од 500-те уписни места се запишале 200, јас не сум учествувал директно во приемните испити, туку го прочитав. Значи, врз основа на тоа јас го кажав тој мој податок.

Од друга страна, ако навистина се работи за искрена иницијатива, таму да се основа државниот универзитет, тогаш во самата иницијатива на потписите, е потпишан и човек, професор, кој не е од вашата политичка опција, а седи овде во Парламентот, дали и тој да биде потписник на законот. Еве сте имале прилика со тоа да докажете дека навистина, се работи за сериозна иницијатива и граѓанска иницијатива и сите треба да учествуваат во тоа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Бонева вашите три минути.

**Силвана Бонева:** Сосема накратко бидејќи, најголем дел од аргументите ги кажа господинот Кедев, меѓутоа, јас ќе се осврнам само во делот на дискусијата на господинот Иван Анастасовски во однос на тоа што тој и на Комисијата и денес кажа дека можат сите овие професори, кои се потпишале на иницијативата да работат на основање и преку приватна иницијатива на реализирање на оваа идеја. Никој не ја попречува припавната иницијатива во Република Македонија, меѓутоа, овдека зборуваме, почитуван колега за иницијатива, за основање на државен универзитет. Значи право е и на граѓаните од источниот дел на Републиката да имаат свој државен универзитет, аналогно на тоа

што во западниот дел од државата имаме три универзитети. Значи, заслужуваат и граѓаните во источниот дел на Република Македонија, заради економскиот развој на овој регион да имаат еден универзитет како високообразовна, не само високообразовна туку  и научна установа која ќе придонесе за развојот на регионот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Тука ја прекинувам седницата, дополнително ќе бидете известени за продолжувањето.

(Седницата прекина со работа во 16,55 часот).